# Записник од 13-тиот состанок на Групата на засегнати страни за прекуграничниот регион "Преспа"

**Јуни 24-ти, 2016**

**Хотел Енкелана, Општина Поградец,**

**Република Албанија**

*The project is funded by the European Union*

## Учесници на сотанокот:

Структурата на учесниците на 13-тиот состанок на Групата на засегнати страни (ГЗС) вклучуваше 34 учесници од регионот Преспа. Состанокот беше организиран и потпомогнат од страна на претставниците на Единицата за управување со проекти (ЕУП), со помош на Претседателот и Заменик-претседателот на ГЗС за прекуграничниот регион Преспа.

Целосната листа на учесници со контакти и други детали можат да се најдат во:
**ANNEX 1**: Participants list of 13th Prespa stakeholder group meeting 24.06.2016
**ANNEX 2**: PPP_Prespa achievement and results March 2016 – June 2016

## Програма на состанокот:

**13-ти Состанок на Групата на засегнати страни за прекуграничниот регион "Преспа"**

*10:00 – 10:30* Пристигнување и добредојде на учесниците

*10:30 – 10:45* Поздравен говор

Г-дин Авдула Цано, Заменик градоначалник, Општина Поградец
Г-дин Ариан Мероли, Раководител на секторот за проекти во Општина Поградец
Г-а Виола Богдани, Претседател на Групата на засегнати страни за прекуграничниот регион "Преспа"
Г-дин Науме Ташовски, Заменик претседател на Групата на засегнати страни на прекуграничниот регион "Преспа"
Г-а. Бојана Јовановска, Регионална менаџерка на прекуграничниот регион "Преспа"

10:45 – 10:50 Вовед во програмата
Г-а Бојана Јовановска, Регионална менаџерка на прекуграничниот регион "Преспа"

10:50 – 11:15 Генерални активности поврзани со имплементацијата на АБДА во прекуграничниот регион "Преспа" (Период март 2016 - јуни 2016)
Видливост и поддршка на активностите во рамки на Програмата "People to People" во прекуграничниот регион "Преспа"
Г-а Етлева Тимо, Регионален координатор за прекуграничниот регион "Преспа"

11:15 – 11:30 Дискусија и адаптација на ГЗС Оперативниот Протокол и Правила за Процедурите во прекуграничниот регион "Преспа"

Г-а Етлева Тимо, Регионален координатор за прекуграничниот регион “Преспа“
Г-а Бојана Јовановска, Регионална менаџерка на прекуграничниот регион “Преспа”

11:30 – 11:50 Кафе Пауза

11:50 – 12:15 Дискусија за идните активности поврзани со имплементација на ABDA во прекуграничниот регион “Преспа“
Воспоставување на партнерства за идните повици за предлог проекти во прекуграничниот регион “Преспа“
Г-а Бојана Јовановска, Регионална менаџерка на прекуграничниот регион “Преспа”

12:15 – 13:30 ABDA Грант шема во рамките на проектот LEIWW
Г-а Бојана Јовановска, Регионална менаџерка на прекуграничниот регион “Преспа”
Г-дин Дарко Бужаровски, Теренски соработник за прекуграничниот регион “Преспа“

13:30 – 13:40 Заклучоци и идни активности

13:40 – 15:00 Ручек во Хотел Енкелана

15:00 Заминување

## Записник од состанокот

Состанокот започна со поздравен говор на г-а Етлева Тимо, Регионален координатор за прекуграничниот регион “Преспа“, која се заблагодари на домаќинот на 13-тиот состанок – Општина Поградец, за топлото гостопримство, како и на сите учесници за нивното присуство и посака плодна соработка со сите засегнати страни.

Во име на Општината Поградец се обрати г-динот Авдула Цано, Заменик градоначалник, кој им посака добредојде на учесниците и изрази задоволство за вклучувањето на Општина Поградец во вакви важни активности во прекуграничниот регион. Исто така, тој го искажа својот оптимизам и максимална поддршка од страна на Општината Поградец во однос на идната соработка. Дополнително, г-дин Ариан Мероли, Раководител на секторот за проекти во Општина Поградец, ја нагласи вредноста на активностите од овој вид, како и важноста на прекуграничната соработка за прекуграничниот биосферен резерват на Охрид – Преспа за регионот Преспа.

Потоа, г-а Виола Богдани, Претседател на Групата на засегнати страни за прекуграничниот регион “Преспа“, и г-динот Науме Ташовски, Заменик претседател на Групата на засегнати страни на прекуграничниот регион “Преспа, им посакаа добредојде на сите учесници и ја нагласија важноста на овие состаноци, посакувајќи плодна соработка со сите засегнати страни.

Потоа, г-а Бојана Јовановска детално ја презентираше програмата на состанокот, фокусирајќи се посебно на секоја сесија, како и на темите кои треба да се дискутираат.

## ***Сесија 1***

**Преглед на генералните активности во врска со имплементацијата на АБДА во прекуграничниот регион Преспа**
**(Март 2016 – Јуни 2016)**
**Видливост и поддршка на “Луѓе за луѓе” активностите во регионот Преспа**

Сесијата започна со презентација од страна на г-а Етлева Тимо, Регионален координатор за прекуграничниот регион “Преспа“, која се заблагодари на Групата за учеството и даде преглед на извршените активности и општите достигнувања од имплементацијата на АБДА за периодот Март 2016 – Јуни 2016 година.

Презентацијата се фокусираше на напредокот и деталите за преземените акции во изминатите три месеци, општи достигнувања и информации за консултантската поддршка до заинтересираните страни за подготовка на предлог проекти за различни повици, како и детали за идната организација на активностите во рамки на програмата “Луѓе за луѓе” во регионот Преспа. Презентацијата беше завршена со отворена дискусија и идеи за идните активности во регионот Преспа.

Во текот на отворената дискусија за организирање на “Луѓе за луѓе” активностите, беше предложено да се развие различно партнерство за настанот “Преспа бизнис форум”, со цел да се обезбеди подобра организација на активноста. Општината Корча предложи да се одложи активноста за следната година, во 2017, и да го ко-организира настанот заедно со Саемот на труд. Беа споделени и дополнителни идеи за подобра организација и соработка со постоечките групи во Корча и финализирање на настанот до крајот на годината. Беше заклучено дека Општината Ресен ќе ја подготви и испрати апликацијата како организатор на настанот “Преспа бизнис форум”, додека Општина Корча ќе ја поддржи идејата како потенцијален партнер на активноста.

Во однос на одложената активност од програмата “Луѓе за луѓе” - “Регионална работилница за промоција на Преспанскиот регион како туристичка дестинација”, потенцијалниот организатор ДМО (Destination Management

Organization), предложи да продолжи со организацијата на настанот во 2016 година, поточно во септември 2016, и да ја поврзе организацијата на активноста во рамки на друг проект кој го спроведува организацијата.

Во однос на пред-одобрената активноста од програмата “Луѓе за луѓе” - “Фестивал на јаболкото”, беше предложено потенцијално партнерство да се развие помеѓу НВО Агринет, Ресс Група, кооперативи во општините Ресен и Корча. Беше заклучено дека ЕУП ќе го потпомогне партнерството и соработката за организација на активноста.

Исто така, ЕУП повторно ќе го сподели форматот за портфолиото со засегнатите страни, со цел да ги собере и обнови информациите во базата на податоци на спроведени проекти (Проекти во различни области) во регионот Преспа која беше подготвена од страна на ДМО.

Во однос на идните активности, беше предложено “Фестивалот на слатките”, од Општината Малиќ, да се земе предвид како потенцијална активност која би била поддржана со програмата “Луѓе за луѓе”. Дополнителни информации во однос на организацијата на овој настан ќе бидат пратени до ЕУП.

Исто така, “Фестивалот на виното” беше предложен како друга потенцијална активност за поддршка во рамки на “Луѓе за луѓе” програмата, кој се организира секоја година од страна на Општината Поградец. Групата на засегнати страни предложи дополнителните проекти/идеи да бидат развиени како потенцијални активности кои би можеле да бидат поддржани во рамки на програмата “Луѓе за луѓе”.

Во текот на дискусијата беше заклучено ЕУП и SWG да продолжат да служат како информативни точки каде што членовите на Групата (ГЗС) ќе ги добијат потребните информации за нови повици за предлог проекти и програми. Официјалната активна веб-страница и Фејсбук страницата за прекуграничниот регион Преспа ќе бидат обновени со релевантни информации, со цел да се зголеми видливоста на работата на Групата на засегнати страни. Засегнатите страни, исто така, треба да испратат релевантни информации до ЕУП, со цел да се прошири и зголеми свеста за спроведените акции и активности во регионот. ЕУП ќе продолжи со поддршката на подготовка на апликации за различни повици за проектни предлози и ќе обезбеди можни партнери за активните програми во регионот како што се IPA CBC и други активни повици за проектни предлози. Исто така, ЕУП ќе продолжи со мапирање и олеснување на вмрежувањето помеѓу јавните и приватни лица кои се заинтересирани да аплицираат на различни повици.

## *Сесија 2*

**Дискусија и адаптација на Оперативниот протокол и Деловникот за работа на Групата на засегнати страни**

Во рамки на оваа сесија, г-а Етлева Тимо накратко ги претстави сите промени направени во овој документ, како што беше предложено од страна на Групата на последниот состанок, 12-ти состанок на Групата на засегнати страни, кој се одржа во Инфо центарот на Националниот парк Пелистер.

Имајќи ја предвид важноста на овој документ, Групата предложи да се направат неколку дополнителни промени во документот, заради појаснување на членовите 3 и 12. Оттука, беше предложено од страна на Групата, улогата на Претседавачот, Претседателот и Заменик-претседателот на Групата на засегнати страни да бидат специфицирани во однос на нивните улоги и одговорности, во рамки на одделен анекс на документот. Исто така, беше договорено коментарите на засегнатите страни да се пратат до ЕУП каде ќе се подготви анексот со релевантните информации.

Во однос на членот 12, во врска со донесувањето на одлуки и гласањето во рамки на ГЗС во точка 1, беше предложено да се појасни правото на гласање во рамки на ГЗС. Оттука, беше предложено дека одлуките во рамки на ГЗС ќе бидат важечки доколку најмалку 2/3 од сите официјално номинирани членови на ГЗС (искучувајќи ги Претседавачот и замениците) се присутни.

Финалните сугестии ќе бидат вклучени во Оперативниот протокол и Деловникот за работа и документот ќе биде повторно споделен со Групата на засегнати страни и дискутиран за одобрување на следниот состанок.

## *Сесија 3*

**АБДА Грант шема во рамките на проектот LEIWW**

Сесијата започна со презентацијата на г-дин Дарко Бужаровски, Теренски соработник за прекуграничниот регион Преспа. Презентацијата даде преглед на вториот повик за предлог проекти во рамки на АБДА Грант шемата за интегриран економски развој. Беа дадени генерални информации во однос на главните цели на повикот за Грант шемата и прирачникот за апликантите. Беа дадени објаснувања за секоја од темите, нагласувајќи ја важноста на интегрираниот економски развој преку олеснување на вмрежувањето и соработката во прекуграничните региони. Сесијата продолжи со отворена дискусија за предлози и коментари.

Во текот на дискусијата, беше предложено во однос на подобноста на апликантите, имајќи ја предвид регионалната димензија, заинтересираните страни на територијата на општина Битола да бидат разгледани и додадени

како можни и подобни апликанти за Грант шемата или друга идна поддршка. Понатамошни објаснувања беа дадени на различни прашања за појаснување на процедурата за аплицирање, партнествата и критериумите за Грант шемата. На засегнатите страни им беше посочено да ги упатат понатамошните прашања на официјалниот мејл објавен за регионот Преспа.

На крајот на дискусијата беше заклучено ЕУП да продолжи да изнаоѓа, прибира и придонесе да се развијат активности и идеи кои можат да бидат поддржани со Грант шемата или во рамки на програмата "Луѓе за луѓе".

## *Сесија 4*

### Заклучоци и идни активности

Во последната сесија беа донесени следниве заклучоци:

- ЕПУ за регионот Преспа и SWG ќе служат како информативни точки каде што членовите на Групата (ГЗС) ќе ги добијат потребните информации за нови програми и повици за доставување на предлог проекти. Исто така, ќе продолжат да ја поддржуваат подготовката на апликации за различни повици за предлози и да овозможуваат потенцијални партнерства за активните повици во рамки на IPA CBC програмите и други отворени повици;

- Официјалната активна веб-страница и Фејсбук страницата за прекуграничниот регион Преспа ќе бидат обновени со релевантни информации, со цел да се зголеми видливоста на работата на Групата. Засегнатите страни треба, исто така, да испраќаат релевантни информации до ЕУП со цел да се дисеминираат информациите и да се зголеми свеста за спроведените активности и активности во рамките на регионот;

- ЕУП ќе го сподели форматот за портфолиото со засегнатите страни, со цел да се соберат и обноват информациите во базата на податоци за имплементираните проекти (Проекти од различни области) во регионот Преспа;

- ЕУП ќе развие дополнителни активности со општините Ресен и Корча, со цел да ја поддржи организацијата на активноста "Преспа бизнис форум" во рамки на програмата "Луѓе за луѓе". Исто така, ЕУП во соработка со членовите на ГЗС ќе мапира, собира и развива дополнителни активности и идеи кои би можеле да бидат поддржани со Грант шемата или со програмата "Луѓе за луѓе" во прекуграничниот регион Преспа;

The project is funded by the European Union

- ЕУП ќе ги потпомогне партнерствата и ќе развие акции за организација на активностите во рамки на програмата “Луѓе за луѓе” - “Регионална работилница за промоција на Преспанскиот регион како туристичка дестинација” и “Фестивалот на јаболкото”;

- “Фестивалот на слатките” во Малиќ и “Фестивалот на виното“ во Поградец беа предложени како потенцијални активности за понатамошна поддршка во рамки на програмата “Луѓе за луѓе”. Дополнителни информации за организацијата на активностите ќе бидат пратени од страна на двете општини до ЕУП;

- Оперативниот протокол и Деловникот за работа за прекуграничниот регион Преспа ќе биде ревидиран и дополнет со коментарите и предлозите од Групата во однос на член 3 (три) и 12 (дванаесет). Финалниот документ ќе биде споделен со Групата на засегнатите страни и одобрен на следниот состанок;

- АБДА Грант шемата во рамките на проектот LEIWW ќе создаде одлична можност за регионот Преспа да ги покаже своите потенцијали, а исто така ќе придонесе за подобрување на интегрираниот економски развој на регионот Преспа;

- Беше предложено во иднина заинтересираните страни на територија на општина Битола да бидат додадени како можни и потенцијални подобни апликанти за следната Грант шема или друга идна поддршка.

**Подготвено од:**

Етлева Тимо

Регионален Координатор за Прекуграничен регион “Преспа”

*The project is funded by the European Union*